Георги Старделов

# ХЕРМЕНЕВТИКА НА ПЕКОЛОТ ЗЕМЕН
## -Богомил Ѓузел (1939)-

*Отчепете ги изворите*
*стојам под нив*

Беше тоа глас на поет кој подготвуваше еден нов подземен кратер на македонската поезија кој чекаше неминовен изблик. Беше тоа изговорено уште во „Медовина“, уште во првата збирка песни на Богомил Ѓузел што се појави во 1962-та година. Појавата на таа базична книга го објави пристигнувањето во повоената македонска поезија на еден од најдлабоките, најзадуманите, најтемните и најокултните наши поети. „Медовина“ донесе еден сосема нов поетски пев, со дотогаш невиден поетски пејсаж во нашата поезија меѓу небото и земјата. Но таа беше и еден длабок поетски епистемолошки рез во пеењето и мислењето на песната кај нас. Со него заврши, отсечен како со нож, лирскиот, интимистичкиот пев и стапи епското на мегданот и на поприштето на македонската поезија. „Мегдан ли“? - праша Ѓузел и одговори: „Јас сум мегдан“. Тоа го знаеше тој, тој толку зачудувачки широко образован поет со голема и висока култура, но тоа не го знаевме ние, мнозина од нас во критичката сфера, тоа, за жал, не го знаеме ни до денес, толку овој сериозен и голем поет ѝ се измолкна на нашата критичка свест, така што во неа, освен повеќе критички навраќања на поети и критичари од неговата генерација, не сретнав позадлабочен осврт на неговата поезија. Не се пишуваше за него најчесто од несфаќање и неразбирање на неговата поезија, но и се избегнуваше да се пишува од политички опортунизам. Но ако тоа беше некогаш, зошто е тоа така и денес. Еве втора година измина од неговата најтрагична книга „Опстанок“ а за неа не сретнав ниту еден одглас. Ѓузел како да беше опасен поет, со божем субверзивни и матни поетски идеи, како идеите да можат да бидат идеи ако не се опасни? Да се потсетиме на тие поетски идеи од „Медовина“ и од некои од неговите други книги. Првата, на пример, песна од „Медовина“ („Пејсаж“) и првиот стих од неа гласи: *„Земјата гласно лупнала со своето чело“*. Е од тој стих излегува поетот неопојасен по стрништата... дури по

ливадите смртта го јури. Месецот е единствениот нож што тој го сака во утроби за високо како знаме над главата да го развие за потем да ја антиципира својата поетска судбина на следниов начин:

*еј, некоја беља ќе сторам гледам*
*ќе заурлам слеп небото да го раздувам*
*не сум јас за овој свет не сум*
*молчи бре скот. Од брегон слегува запален селанец.*

Веќе од „Углеш“, со стихот „главата ми прска под тежината на вековите“, црнината, враните, смртта, мракот, Танатосот густо се населуваат во неговите песни. Во „Свадбата на Углеш“, „моите кукавици пеат“, ќе напише Ѓузел, ќе напише дека „се острам над смртта“, удираат тапаните на летото за да се праша „Луди ли се?“ а самиот ќе пресвисне од жал за тие бели струни на црни свадби. Во „Крал Марко“ (Деј гиди кутри Марко Крале) море крал, каков крал / крал најмоќен без земја со кого „безумноста ни се враќа“ и „дошле мајстори небото да го закрпат“ за да лапа високи остри ножеви и за да му се види како некој убиец во тие векови, „море какви векови“. Самоил е војсководач на болката кои ги „исполнил сите дупки со семиња“ за мртов последното семе „в усти да те 'рти, мртов Самоиле“. Тој наш крал „заробен во воздишките“ го крши „ледениот плач на ѕвездите“ и влегуваме во проклетството. Јеремие или попот Богомил е „големиот Јавач на небото“ кому смртта во грло му блее, а во сенката на земјата чмае. Затоа во „Денонокија“ од „мојата сенка“, вели поетот, мртов град изникнува, ветрот носи зимски сништа и огнени снегови, *врескаат* црвени шуми, се случува селидба на просторите и помрачение на сонцето, додека „мојата сенка воскреснува, а наоколу *решетат* гревовите што ја оставиле земјата слепа, „коњските глави се сториле гламњи“; змии нѐ *избичуваат* отсечени глави од кои една ќе биде пак сонце, ветриштата во сонцето луњаат и се борат како петли на мртвите калдрми среде дизгини од ѕвезди и подземните убавини, среде пожари човечки па не се знае свадба ли е или војна и каде ли е човекот среде земјата изделкана од триста черепи и *здивеана* како жена без плод во време кога јавата е протерана како блудница, кога околу нас и во нас кружат сенките, пустињите свират и гинат со тапаните изгазени, кога најлична ни останала тишината, кога не кутна врз полињата и земјата офка, а ветрот и сонцето се судриле.

Кај Ѓузел глаголите не се лирски, нежни, префинети, туку сурови, жестоки, трауматски, кај него просторот е згниен како од војна,

земјата *ринка*, тој *срка* мочуришта, та дури во прекрасното „скитање по земјата каравлашка“ со либето се *гонат* по мрачни шуми, а таа дејгиди земјо Каравлашка, ај море либе *отровно*:

*Примете ме луѓе како разбојник*
*не љубовник на чудата*
*ќе летам ветришта по пустото*
*ај по пустото тоа поле Каравлашко*
*ќе пеам песни*
*ај песни за грешни жени*
*О море либе отровно*

Лирските штимунзи од народната песна се трансформирани во трагични, епски, па така „љубовта ми е скината / од ѕвездите и ноќното цвеќе / либето туѓо / крвта присојна“. Во тие трагични штимунзи, „ѕвездите гинат и сè помалку има ѕвезди“, додека кучињата лајат и земјата ја палат, ој земјо, земјо Каравлашка и никаде крај на тагата.

Постои една доминантна апокалиптична атмосфера и еден дух на мочуриште како метафора на животот во песната на Богомил Ѓузел што ја среќаваме во сета негова поезија:

*Мочуришта сеам*
*никнувам јас –*

вели поетот за кој плачот е како свадба, а тамбурата е како ветер. Затоа во „Пат до Легена градот“ пристигнува во тој митски град во кој „мракот се плоди“, во кој „својот плач го исковав против сета врева на светот“, во него „ѕвизнат е со оловото и ѕвоната“. Затоа:

*Ќе го згасам сонцето*
*и ќе отидам да спијам*
*никогаш да не се знае дека сум роден*

или: „ќе исчезнам на сосема бела ноќ / од пресно згмечени ѕвезди / Бела ноќ што поцрна крв се прави“, па затоа „покријте ме со ридишта ѕвезди да не згинам“ од „мангалот на смртта“. Сега, еве, стапнавте во ова кралство и *мацнете* сега од пепелта додека пиеме сал очи од утро до мрак во таа долина на ѕвездите, додека морето *'рѓосува* од потопеното оружје па затоа очите ни се извори, ножот мој на белите мугри и наострен од нив е поличен од убавината на која ѝ ја отсеков главата по

што ножот пропеа. Затоа сега таа е полична од смртта, ослободена со црвите да се плоди, додека песот во далечините вие, додека мојата грда сенка скита по манастирите и со мојот нож кој, тивко пеејќи, ја озборува убавината како липсан коњ, познатата песна за убавината што ја пеел на својот нож кога коњите цркнаа но пропеаја. За Ѓузел песната, и таа што се пее и таа што, е испеана е движечка сила на патот до залезот каде што се надева дека ќе го најде Заборавот кој е во треска претворен во месарница во која работеше само ножот, ножот на убавината: „јас бунар, о јас - сончев восок со запечатен бакнеж од смртта". Се везе мрак додека знамето на Залезот е кренато, додека е оштрафен кругот на смртта, нејзиниот благословен синџир.

Богомил Ѓузел е првиот македонски поет кој во својата поезија го разобличи раздобјето на постисторијата:

*Дали од парталавата историја*
*Ќе ја истакнеме нашата суштина*
*Или од суштината раскината*
*Ќе скрпиме хроника на еден миг?*

*Но какво е тоа постисториско раздобје?*

Во него сме изгонети од светот и длабоко исправени пред неизвесната судбина на човекот во него. Ние сме во тој свет фрлени во лавиринтот на животот да трагаме по смислата до која, меѓутоа, не доаѓаме, зашто е таа недофатлива и несфатлива, зашто е таа, навистина, нешто исконско и познато која постојано ни стои пред секој наш иден чекор како сегашно и непознато. Поезијата на Ѓузел ни откри дека ужасот на егзистенцијата во нашето време не е во тоа што сме ситуирани во една несноклива стварност која не сме во состојба да ја вреднуваме на човечки начин, т.е. во границите на човечкото искуство, на човековото мислење и на човековата имагинација, туку дека тој постисторискиот свет е пред сè време на лагата и на т.н. есапџиско мислење против кое неговата поезија кренала бунт. Во овој свет, мошне слично на современиот германски философ, Петер Слотердејк, ние живееме во два света: во светот на киничкиот и во светот на циничкиот ум. Првиот го претставува светот на официјалното и институционалното на кој му се потчинуваме прикриено, кон кој се однесуваме со стравопочит, вториот е светот на циничкиот ум кој жестоко го напаѓа и оспорува првиот, светот на политичките лаги и измами. На циничкиот ум туѓа му е кантиленската убавина на

хармонијата на елементите на уметничкото дело, туку жестокоста на убавината на ножот. Лага е убавината ако не нѐ загрозува, ако таа не е во состојба да нѐ шокира, стаписа, згрози. Не е убаво, лага е тоа кога убаво се доживува овој и ваков свет во кој на секој чекор исправени сме пред грдото и грозното. Затоа за Ѓузел поезијата нема смисла ако не го разорува тој свет и ако поетот не е сублимација на бесот, на револтот, на отпорот. Во нашето тековно раздобје ние живееме со очи како крвави рани. Нив ни ги ископа и претвори во лузни политичката ентропија на насилството и страдањето, политичката екологија на стравот, ужасот да се опстојува во свет на лаги. Затоа поезијата мора да е шокирана и згрозена од тој свет во кој е сè замрачено. Отаде поезијата на Богомил Ѓузел е поезија на мрачни, на темни, на црни настроенија. До нив нѐ доведе безумното самопонижување на луѓето од една и ароганцијата на власта од друга страна. Затоа во поезијата на овој поет исправени сме пред душевна и духовна состојба и лишени од секакви илузии. Таа е субверзивна. Таа ја гледа вистината положена на мртовечки одар, заѕидана во темница до која и ние доаѓаме. Во неа се одвива автентичната драма на нашето постоење во постисторискиот свет исполнет со политички театрални социјални кулиси и кријалки, и, како што би рекол Горан Стефановски, со дупли дна. Таа ја кажува вистината само како своја и длабоко во себе, т.е. во поетската мака решително и чесно да се зборува пред сè за себе. Затоа таа, од својата прва до својата последна збирка, значи од „Медовина“ (1962) до „Опстанок“ (2005), се бори за еден слободен и од ништо не заробен ум, за една нова стварност која упаднала во невреме во кое вистината е понижена стварност која свесно се заменува со лагата. Затоа Ѓузел во својата поезија фрла сè на картата на стварноста и во неа трага по светот во кој сме фрлени. И во тоа ново антрополошко соочување со стварноста неговата песна ни потврдува дека го зема животот многу посериозно отколку што сериозноста на животот го зема поезијата. Зачаталена во некои критичарски стереотипи дека таа е свртена пред сè кон минатото, кон митските и историските поттици како изворишта на неговата поезија, некако како постојано да се заборава дека минатото за Ѓузел има некое значење само ако е тоа доведено во органска врска со сегашното. Продирајќи во подземните струи на пеењето, таа е скептична во однос да може да се биде поет во раздобјето на постисторијата, а притоа да не се биде нејзин роб. Станува збор за историјата која не ни е мајка, туку маштеа, која е болна, преполнета е со лицемерие и измами. Во раздобјето кое сакаше се што е наше и се што е слободно во нас да го дисциплинира прјамолинејно, поезијата на

Богомил Ѓузел ја доживеав, читајќи ја летово на 2006-та како обид неговата песна да ја демонтира пеколнатa машина на секој вид историски тоталитаризам, или тоталитаризам на историјата. И немојте да ми зборувате за модернизмот на овој поет. Тој нема врска со т.н. достигнувања на ова движење кои беа пред сè на формално-технички, на изразен план дури перфекционистички, та дури и фасцинантни но во кои беше испокината и испобуричкана секоја врска со стварноста. Во неговата поезија стварноста е сè, тој, по оние ерупции на технички чуда и зачудености, по фантастичните кошмари и лудила на модеренистичка естетичност, донесе нешто друго: тој ја заснова кај нас естетиката на шокот, поетиката на еден нов поетски мимезис во кој шокот како нов естетски проект можеше единствено да ја растресе лажната претстава за стварноста. На тој начин неговата песна радикално го смени естетскиот код во македонската поезија. Така, слично како во новата физика, стана јасно дека стварното е клучниот поим и во поезијата и во уметноста воопшто. Неговата поезија ни ги отвора очите за неа за да ја видиме неа човечки опустошена. За Ѓузел вистинскиот поет прилега на Фауст кому, откако му здосади т.н. теориска наука, целиот се предаде на светот на стварноста нуркајќи во неа, а мошне често дури и жртвувајќи ја својата песна само да ја допре стварноста. За овој редок и исклучителен поет спорот околу различните естетички алтернативи мора да се реши со свртување кон стварноста која е пресудна за човекот. Затоа во неговата поезија нема ни трага од т.н. кантиленска убавина; кај него траат само подземните убавини. Тие всушност го крепат светот. Кај него, бидејќи *„очите ни се отворени рани“* од нив убавината не се гледа поинаква отколку како со нож создадена, додека поетот како Одисеј, како тој свиреп Македоногрк, го ловат по ридиштата тапани, *а младата црна земја е попрскана со крв*. Затоа и ќе го напише стихот дека поличен е мојот нож кој пропеа на белите мугри. Убавината со отсечена глава е полична, полична од смртта која мочуришта сее од кои поетот никнува за на чад да ја испече својата душа, а својот плач да го искова против сета врева на светот. И кога ќе воскликне: *ај дејгидилак*/ тој гледа како јата црни вранци се вдале во безуспешен лов на нашето семе, додека крв и црна смрт обиколува околу куќи. Поезијата на Ѓузел ја презела врз себе сета темница на светот, сиот терор на недуховното, но и сè уште сиот можен спас на вистината. Нашата поезија, освен кај оние што сè уште не гледаат, ние ја напуштивме т.н. догма на иновациите по секоја цена, зашто сфативме дека стратегијата на оригиналноста доведе до уништување на секоја оригиналност. Ѓузел никогаш не бил жртва на ексклузивитетот

на уметничката форма што ја впрегна уметноста во ништавило, станувајќи досадна токму во часот кога одбиваше да се огледа во огледалото на жестокиот лик на стварноста. За него поезијата нема некоја особена смисла ако не е прибивалиште на вистината, бидејќи таа вистински настанува единствено кога ја чувствуваме својата и човечката загрозеност воопшто, кога се случува изопачувањето на човекот, кога триумфира злото и злосторот, кога сме пред портите на пеколот. И токму затоа неговата поезија ја нареков херменевтиката на пеколот.

Поезијата на Богомил Ѓузел ни предочи еден ноторен факт дека поезијата е базично определување на човечкиот живот и на неговата трагична егзистенција во светот. Таа ни ја предочи мазохистичката деспотија, а со тоа и нејзините малоумни надежи. Таа нѐ соочи со фалсификувањето на стварноста на човечкиот живот. Затоа го одби принципот надеж, или принципот копнеж и се изрази како via negativa и како via negationis.

Поезијата на Богомил Ѓузел ја воспостави во вид на естетички императив бесмисленоста на творештвото во стратегијата на недуховното и празнотијата. И кога не се засновува врз етички прерогативи. Таа испишува не само едно поетско и метафизичко, туку и едно онтолошко писмо кое од зборовите ги изгонува празнината и самодоволноста на песната, создавајќи поетика на жестокост, запрепастеност, на апокалиптичност, на катастрофичност. Ѓузел секогаш го создава она што никаде не го научил, туку во себе го открил и создал. Затоа и ја нареков неа поезија не на чистиот, туку на циничниот поетски ум во која се открива поетскиот портрет на цивилизациskиот хаос на нашето време, неговата лудост. Во неа е превозмогнат светот на внатрешното и светот и на надворешното. Таа елементарно животворна нѐ соочува со поезијата на опстанокот, со силната енергетска моќ на своите поетски теми и мотиви, создавајќи една нова поетологија, поетологијата на револтот против злото и злосторот. Поезијата на Богомил Ѓузел, во дилемата меѓу неподносливото и невозможното, се определи за второто, т.е. за тоа како невозможното да стане можно, потврдувајќи го со тоа познатиот стих на Хелдерлин: „Оној што мислел најдлабоко, тој го љубел најживотното“ („Wer das Tiefste gedacht, liebt das Lebendigste“). Таа не ја прифаќа вистината како привид, уште помалку вистината како самоинсценација на вистината, или како De provincia mundi Damantio memoriae? која ништо не ја сотира. Искршете ги бистите, избришете му

го некому името дури и ликот од фотографиите, спалете му ги книгите и ракописите да му згине дури и поменот на името и тогаш што?

*Поуспешно се случува да бидат избришани*
*и заборавени - кривдите и гревовите*
*небаре кривците не се ни родиле*
*небаре гревовите не се ни сториле*
*Сè дури и следните поколенија не почнат*
*да грешат и грешките да им се заборавaат*
*Сè додека не се столчи сè во прав*
*со единствениот спас Заборав*
*гордите каријатиди во Заборав.*

Тоа е така зашто во поезијата на Ѓузел исконот дише во нас како наше сега, а во исконот сè до нашиот денешен опстанок, сме во Хамлетовата дилема to be or not to be, или, како што вели Жак Лакан кого што Ѓузел го наведува, се случува „злосторството на постоењето“, па ние како и Хамлет сме уште од исконот виновни што сме (to be) и ни е неподносливо, како и нему, да бидеме пред да засуштествуваме во падот. Нашиот поет својата дилема како Хамлетовата ја первертира во:

*Суштествуваме или не –*
*суштината е зар негде другаде?*
*Изборот е нечиј друг, на генот?*
*Наше е да се совпаднеме со сонот –*

бидејќи целосната изрекливост на вистината е неможна. Таа е химера. И она што кај него потсетува на Ниче, тоа се оние ранкуни против сето што се кренало и извишило, што создало нешто големо и велико и кое, токму како такво, кога-тогаш, се свртува против оној што го создал. А зошто? Затоа што човекот (поетот) со тоа што го создал големото и великото тој се слабнал и, просто не може да го издржи својот чин и да му гледа нему в лице. Кај Ѓузел неговата човечка и поетска судбина е зајазлена во поетскиот јазол: „Да се има зад себе нешто што никогаш не смеело да се има и сака, нешто во што е заврзан и јазелот на човештвото - тоа да се има значи дека... Тоа може да те здроби... “. Ѓузел го направи поет судбината, поточно неподносливото, како кај Слотердејк: „Неподносливото ја досудува принудата на уметноста“. Тука некаде треба да се бара драматургијата на поетските медитации и на поетските идеи на Богомил Ѓузел. Затоа тој избра да го живее

животот sub speciae artis. Надвор од него ровари лагата и несреќната волја со неа да се опстојува по секоја цена, бидејќи прашањето на вистината искрснува секогаш на ивицата на лагата. Да се живее sub speciae artis значи да се живее во светот на слободата, т.е. во светот на поезијата во кои единствено е повлечена лагата, бидејќи како што вели Ками, слободата значи пред се да не се лаже. Од Ѓузел откриваме дека таму каде што се размножува лагата таму се најавува тиранијата. Соочен во своите вехементни и полни со смисла песни, максимата која треба секогаш да ја имаме предвид кога ја читаме поезијата на Богомил Ѓузел, е камиевска: „Ништо не ни е дадено и ветено, но сѐ е можно за оној којшто прифаќа да преземе или да се изложи на опасност“. Овој голем поет никогаш не минува молкома преку вистината. Напротив. Кабил е да претрпи се само да ја искаже неа, зашто знае, како ретко кој друг кај нас, дека само слободата овистинува и само вистината ослободува. Затоа и начелото дека само во вистината е спасот. Таа, се разбира, никогаш не триумфира во животот, но само таа не ослободува, зашто немаме друг начин да му се спротивставиме на злото што нараснува како стерната пред да ригне, освен со вистината како меч и како штит. Затоа поетот мора да е секогаш и во сите времиња (среќни и несреќни) на пусија, да демне над неа и неа да ја предвестува и навестува. Богомил Ѓузел, инаку парадоксален суд што сега ќе го изречам, е повеќе објективен, значи апсолутен поет отколку субјективен, личен. Тој никогаш не ја жртвува вистината заради убавината. Кај него убавината надоаѓа од вистината. Таа да се рече, во стих навистина прибран, но никогаш артифициелно склопен и стокмен и да се рече по секоја цена, макар и на мртовечка кола положен, во тоа го гледам поетскиот и творечкиот радикализам на Богомил Ѓузел. Отаде таа неимоверна и голема сила на неговата песна, нејзината длабока ноќна заумност и задуманост.

Богомил Ѓузел, и тоа на своја сопствена кожа, ја откри паранојата, схизофренијата, нарцизмот на идеологијата која и до ден денес проповеда и го остварува на дело начелото „Не е виновен убиецот, виновен е убиениот“. Прочитајте ја неговата последна книга „Опстанок“ (2005) па ќе се уверите дека едноставниот колоквијалниот говор во овие негови песни, особено песните од нејзиниот втор дел, наречен „Предмети и инсталација“, има поголема поетска сила отколку натокмениот, метафоричкиот, накитениот говор кој навистина блеска, но не расветлува и не го догледува битието, односно битното во стварноста на светот. А тој сака да остане во неа и да не ја напушти никогаш:

*Не, стварност моја, не напуштај ме*
*каква-таква и посебно што си ваква!*

Кај Ѓузел постои во сите негови книги, а посебно во „Опстанок“ како што самиот ќе рече, „некоја глад по стварноста *вистинска*“. Таа негова последна книга, таа ужасна, тегобна и трагична книга, како инвокација, низ животот на куќните, фамилијарни таткови предмети, ја оживува духовната биографија на ова познато високо интелектуално семејство, особено духовната биографија на таткото, првиот македонски школуван филозоф и доктор по филозофија, неговата трагична смрт и татковиот неостварен гроб, книга во која откриваме дека злосторниците се, всушност, убијците, не убиениот, велејќи дека

Историјата, нели, ја прават очевидците (заедно со очовадците?)

Не, белки, ние - наследниците на нивните занемени жртви.

Низ дванаесетте книги песни на овој поет е создаден еден од најфундаменталните поетски проекти во македонската повоена поезија кој има едноставно име: *Богомил Ѓузел*. Тоа име е име и именка, име и чуденка што ја именува истоста на пеењето и мислењето, единството на животната физика и метафизика, поетската хемија и алхемија, полислојноста на поетските знаци и на поетските значења, поезија со една оригинална поетичка семиотика како етика и поетика на нашиот свет во кој сме задавени до гуша и во кој поминуваме и одминуваме и во кој ја откриваме страотната вистина која е срцевина на неговата поезија, што ја создава еден човек заедно со Бога и како Бог во создавањето на овој објаснуван а необјаснив свет, како трагање по себе и како себебарање, себенаоѓање и себеоткривање.

Што ја прави, според тоа, голема и неповторлива поезијата на Богомил Ѓузел? Тоа што таа го именуваше и извади на виделина злото во човекот, злото во историјата како човечко дело, што ја формулира граматиката на земната апокалипса и на човечката катастрофа под ѕвездите, што го потврди диктумот дека слободата и вистината не смеат да се жртвуваат низаштоидабило.

Веднаш по Втората светска војна, Теодор Адорно напиша дека да се пишува поезија по Аушвиц е злостор. Подоцна додаде - повеќе не може да се пишува убава, хармонична, консонантна, туку неубава, нехармониска, неконсонантна песна, песната како сублимација на бесот, како сублимација на револтот и отпорот кон овој нечовечен и обесчовечен свет.